# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.147 од 27.08.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за агенциите за привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија" број 49/2006, 102/2008, 145/10, 136/11, 13/13, 38/14 и 98/15), во член 18 во ставот (1) зборовите: „1.500 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во агенцијата за привремени вработувања."

**Член 2**

Во член 19 во ставот (1) зборовите „2.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на функционерот кој раководи со органот или друго овластено службено лице."

Ставот 3 се брише.

**Член 3**

Во членот 19-а во ставот 1 зборовите „да му предложи постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците" се заменуваат со зборовите „да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците".

**Член 4**

Во член 19-б ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на фунционерот кој раководи со органот или друго овластено службено лице кај работодавач - корисник, односно кај агенцијата за привремени вработувања."

**Член 5**

По членот 19-г се додаваат два нови члена 19-д и 19-ѓ кои гласат:

**„Член 19 –д**

(1) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(2) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочиот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(3) Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(4) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

**Член 19-ѓ**

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците."

**Член 6**

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 7**

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за агенциите за привремени вработувања.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.